## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петтото продолжение на Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 мај 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,22 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места, продолжуваме со гласање.

Пратениците, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теуата Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Ристана Лалчевска, Андреј Жерновски, Илинка Митрева, Цветанка Иванова, Лазар Китановски, Радмила Шекеринска, Владо Бучковски, Славица Грковска, Бесим Догани, Зоран Витанов, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Веле Митановски, Марјан Додовски, Валентина Божиновска, Елмазе Селмани и Фијат Цаноски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број пратеници кои се присутни во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Продолжуваме со 4-та точка - Предлог на закон за рамномерен регионален развој.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот на амандманот на член 9 за бришење на став 5, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Јани Макрадули, Весна Бендевска, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 11, воздржано 1, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Процедурално се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска. Повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

За процедуралната забелешка сум пријавена од вчера, но еве сега дојдов на ред. Не гледам зошто реакција. Навистина, немаше потреба од реакција.

**Љубиша Георгиевски:** И јас исто. Повелете продолжете.

**Роза Топузова Каревска:** Со оглед дека веќе се доведува во прашање ефикасноста на работењето на Парламентот, имаме ситуација каде многу време се губи и при чекање на пратениците да се соберат за гласањето. Вчера беше тој случај по 15 минути се чекаше да се обезбеди кворум и да не ни се случува и понатаму барем каде што не треба да бидеме неефикасни, тогаш, поради тоа предлагам, со оглед дека имаме повеќе амандмани кои што се скоро некои од нив идентични, со разлика која што суштински не делува на содржината на амандманот, ви предлагам да ги споиме дискусиите околу тие амандмани. Така, барем малку ќе придонесеме за понатамошно ефикасно работење околу овој суштински закон. Ви благодрам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас со задоволство би го прифатил вашиот предлог, кога би ни помогнале да ги идентифицираме кои се тие и да ги групираме.

**Роза Топузова Каревска:** Секретарот ќе ви помогне околу тоа. Тоа можете лесно да го направите. Дури јас во таа насока му сугерирав во текот на вчерашниот ден и имате нешто направено.

**Љубиша Георгиевски:** Ако може секретарот во од тоа да го направи би му бил благодаран. Понатаму нема друг за збор.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 5, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Ацо Киров, Борис Кондарко, Благородна Цветковска, Есад Рахиќ, Весна Бендевска, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Тале Герамитчиоски, и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа. Повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Владата го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи Владата го прифаќа амандманот, тој станува составен дел на текстот од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за бришење на ставовите 1 и 2, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале

Герамитчиоски, Влатко Серафимов, Благородна Цветковска, Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа. Повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа овој амандман. Во Просторниот план не се содржани сите мерки и инструменти за поттикнување на економскиот развој. Тоа е образложението.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, ќе се обидам да објаснам зошто министерот не е во право кога вели дека Просторниот план на Република Македонија не ги содржи сите елементи за рамномерен регионален развој. Нормално дека тоа не е мал лапсус, но затоа верувам дека голем број на луѓе кои ја разбираат оваа материја веќе донеле свое мислење. Поттикнувањето на развојот почитуван министер, во подрачја кои имаат потешкотии не се темели од вчера и не се темели само на солидарноста на граѓаните во Република Македонија заради создавање на услови каде што секој ќе има еднакви можности за развој на сопствените потенцијали, туку тоа е од многу одамна.

Имено, сакам да ве информирам дека главните оценки кои што доаѓаат од Брисел за оценување на еден ваков закон, кај другите земји кои што веќе го имаат донесено овој закон, се однесува токму на коегзистентноста и политиката на Владата на Република Македонија за надминување на овој проблем.

Имено, не може да помислиме дека работите се решаваат токму само со овој закон и токму со донесување на законот, проблемите ќе почнат да се решаваат. Вакви и слични закони има во Република Македонија и имаше. Очекував и сите очекуваат дека овој нов закон ќе биде многу подобар од тие и дека сите оние празнини и недоследности кои што ги имаат сегашните закони ќе бидат пополнети, меѓутоа, еве добивме еден закон за кој што за жал дебатираме неколку дена во Собранието, меѓутоа освен дебатите не останува ништо друго да признаам, останува да не гледаме како парламентарното мнозинство ги надгласува и како претставникот на Владата, апсолутно не прифаќа ниту еден амандман, иако нема никаква логика.

Почитуван министер, јас разбирам дека стратегијата е основен документ за рамномерен регионален развој во било која земја, така и во Република Македонија. Меѓутоа, одговорно тврдам дека следната оценка која што ќе ја добиеме од експертите кои ќе го погледаат овој закон, ќе биде, како е можно да не се направи стратегија во Република Македонија, а да се понуди ваков закон. Значи, најпрво следува стратегија, следуваат планските документи и врз основа токму на нив, следува законот кој што треба едноставно да се имплементира и да ја реализира идејата во стратегијата и во плановите.

Инаку, како што и досега беше спомнувано дека многумина, или не сакаат да ги видат работите, апсолутно е неважно можеби дали стратегијата за рамномерен регионален развој во Република Македонија се донесува во период за 10 години, или за 5 години или за 15 години. Дали стратегијата ја донесува Владата на Република Македонија или Собранието. Меѓутоа, факт е дека постојат закони и доколку не се прифати овој амандман ќе дојде до судир на овие два закони.

Имено, доколку сите во овој Парламент се согласуваат дека највисок плански документ во Република Македонија е Просторниот план на Република Македонија, нема повисок документ, нема посилен и нема поважен документ кој всушност во себе и ја содржи и претставува стратегијата за просторен развој со временска визија од 10 години. Предложената стратегија за рамномерен регионален развој да ја донесува Владата на Република Македонија и да биде усвојувана од истата, навистина, како што кажав и вчера губи смисла. Од тие причини ценам дека овие два става од овој член треба да бидат избришани едноставно, а може вие да кажете дека со подзаконски акт, Владата ќе ја реши работата, или Министерството. Впрочем, сите што имале прилика да го прочитаат овој закон имаат можност да го видат тоа, меѓутоа, препораките кои што многу брзо ќе дојдат до вас е дека било која програма, а не само стратегијата, која што за жал ја немаме, денеска почива на неколку елементи и особено почива на онаа програма која што денеска е позната во Европа како програма од дното кон врвот, од градот до Владата, комбинирана се разбира, со концептот од врвот кон дното. Тие елементи доколку ги видовме во нашата стратегија, апсолутно немаше да има потреба денеска ние да зборуваме за овие два става кои навистина, се повеќе од смешни. За жал, изгледа не можеме да се слушнеме на кој јазик да зборуваме, каков и да е амандманот, какви и да се аргументите. Жалам што навистина, се нема слух за еден ваков апсурд кој што го има законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор министерот за локална самоуправа, господинот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Стратегијата за рамномерен регионален развој, за жал е еден од клучните документи кој досега не беше донесен и затоа беа забелешките од страна на Европската унија и од Европската комисија, она што Владата го доби како забелешки кон крајот на ноември месец. Ние не можеме да чекаме стратегијата да ја работиме една година, па потоа уште една година законот и сето тоа како пакет да биде готово за две години. Значи, неколку пати напоменав дека веќе се работи стратегијата, октомври, или ноември

месец ќе биде месец кога ќе биде донесена стратегијата и се надевам по петнаесетина дена ќе биде понудена во Собранието на усвојување стратегијата, а потоа од 1.01.2008 година ќе почне да функционира законот за рамномерен регионален развој.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитуван министер, доколку стратегијата на Република Македонија биде готова за 15 дена како што велите вие, која беше причината од толку брзање ние да го донесеме токму овој закон. Чув некои неофицијални информации дека во некои прилики некои владини претставници, не знам дали сте тоа вие, наводно се повикувале дека доколку не го донесеме овој закон ќе ја препуштиме можноста за користење на определени средства од ММФ, средства од Европската унија, од ИПА програмата и тн., мислам на претпристапните фондови.

Почитуван министер, редоследот на работите без разлика колку и да ни се брза, без разлика какви и да се причините, мора да се почитува. Не може ние да донесеме добар закон, ако не се договориме како тој ќе се имплементира. Не може да донесеме закон без да ја донесеме стратегијата за рамномерен регионален развој во Република Македонија. Тоа е апсурд. Всушност најголемите забелешки очекувам дека ќе дојдат токму тука. Друго е прашањето, дали Владата, дали Парламентот и тн., за тоа може да дебатираме. Каков закон ние носиме ако немаме стратегија, ако не знаеме што ќе правиме. И затоа има толку празнини и затоа велам треба да донесете повеќе од 40 подзаконски акти, за тоа ќе зборувам по некој друг амандман, или по текстот кои се подзаконски акти воопшто не ви се спомнати во овој закон. Ценам дека она што се практикува при носењето и на другите закони од другите министерства ќе беше неопходно да се направи и токму кај овој најважен закон како што го велите вие. Ако ова е најважниот закон, зошто толку брзање? За 15 дена ќе се донесеше стратегијата за рамномерен регионален развој во Република Македонија, ќе ја погледавме таа стратегија, ќе беше обзнанета, ќе дебатираа главните учесници, а тоа се граѓаните во Република Македонија, во локалните самоупави, преку ЗЕЛС ќе го искажеа својот став, а вака да се игнорираат апсолутно и на сила да се донесе еден ваков избрзан и погрешен закон, јас навистина не гледам причина, а кажав вчера, заради тоа што одлуките при ваков закон ќе се носат од политички органи заради тоа што Советот за структурен развој е повеќе политичко отколку професионално, или стручно тело.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 16, воздржано еден, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманите на член 10 за менување на став 2 поднесени од пратеникот Слободан Најдовски, пратеникот Роза Топузова Каревска и од пратениците Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Ацо Киров, Борис Кондарко и Благородна Цветковска кои се точки 13, 14 и 15 од списокот на редоследот на амандмани по кои Собранието води претрес се идентични и по нив ќе водиме единствен претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски, по амандманот на член 10 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска и по амандманот на член 10 за менување на став 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Ацо Киров, Борис Кондарко и Благородна Цветковска, Есад Рахиќ, Весна Бендевска, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа господинот Зоран Коњановски.

**Љубиша Георгиевски:**

**Зоран Коњановски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа и според тоа станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Ацо Киров, Борис Кондарко, Благородна Цветковска, Есад Рахиќ, Весна Бендевска, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски.

**Зоран Коњановски:** Амандманот не се прифаќа. Значи стратегијата претставува само една широка рамка. За нејзина реализација имаме изготвување на тригодишни акциони планови. На три години да вршиме ревизија на самата стратегија, мислам дека не е добро.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчи Николов:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер, со амандманот се предлага да се додаде нов став 3 со кој што се предвидува дека стратегијата за рамномерен регионален развој ќе се ревидира на секои три години на ист начин на кој што се донесува. Министерот објасни дека не е добро да се ревидира стратегијата, но јас мислам спротивно, дека како долгорочен документ кој што се носи за период од 10 години и кој што документ кога еднаш ќе се донесе не е

предвидено во законот да се врши нејзина ревизија, освен оценување на спроведувањето, создава можности како долгорочен документ можеби кога се  предвидувале правците, или целите на стратегијата да се погрешило или да се слуат некои значајни промени во условите во кои што се спроведува и дел од  проекциите кои што се ставени во оваа стратегија да не бидат валидни, односно да не може да се спроведат и на тој начин да има еден хендикеп околу спроведувањето на оваа стратегија.

Идејата при поднесувањето на овој амандман е и таа што во ставот 4 стои дека за спроведување на стратегијата се донесува тригодишен акционен план. Значи, после акциониот план од кога ќе се донесе, од кога ќе се изврши негова евалуација во спроведувањето логично е доколку и при спроведувањето на акциониот план се покажат некои слабости, да се ревидира и самата стратегија. Значи, не е стратегијата документ кој што еднаш е даден, поготово што е долгорочен документ, а знаеме дека брзо се случуваат промени. Не ја гледам причината да не се врши нејзина ревизија на секои три години кој што е еден период кога се спроведува акциониот план и од кој што јасно може да се види каде можеби има пропусти, или се промениле условите околу спроведувањето на стратегијата, па за да може да се ревидира. Затоа мислам дека е логично овој амандман да биде прифатен и логично е да се врши ревизија. Значи, во текот на 10 години би се извршиле три ревизии на стратегијата и после од кога ќе заврши последната ревизија настапува оној едногодишен период за да се донесе наредната стратегија што е многу логично да се има како цел, бидејќи ќе има јасни показатели од тоа претходно како се спроведувала претходната стратегија, што да се предвиди во наредниот период при изготвувањето на наредната стратегија која е долгорочен документ и се однесува за 10 години. Мислам дека со ова само ќе се олесни спроведувањето на стратегијата, ќе се  понудат поквалитетни решенија за нејзино спроведување, ќе се изврши брза корекција на оној дел од стратегијата кој што ќе покаже праксата дека не може да се спроведе поради разни причини, едноставно ќе добиеме поквалитетен документ кој што многу ќе допринесе за поквалитетен регионален развој. Од тие причини апелирам амандманот од страна на колегите пратеници да биде поддржан.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе. Почитуван министер, почитувани колеги пратеници,  сосема накратко. Ние стратегии сме носеле на долгорочен план, значи за наредните 10 години неколку пати во повеќе области, во областа на образованието, во областа на културата, во областа на технолошки развој и тн. И очигледно е дека не се придржуваме доследно на стратегиите кој што овој собраниски дом ги носел, а при секоја промена на власта доаѓа до премолчено ревидирање на тие национални стратегии, или се ставаат под тепих, или воопшто се отфрлаат без некое образложение дека тие повеќе не се некои валидни документи кои што ќе послужат на институциите во развој на одредена област. Така што од практични причини, јас како еден од предлагачите на овој амандман би сакал да се сообразиме со реалната состојба. Значи, ние можеме да го отфрлиме овој амандман и во законот ќе стои дека стратегијата за регионален развој на Република Македонија се донесува за период од 10 години. Се сложувам дека припратни се акционите планови. Но, се поставува исто така прашање, што со промена на политичка гарнитура која што ги имплементира овие национални стратегии да не се согласува потполно и во целост со основните правци кои што оваа стратегија ги нуди. Дали повторно влегуваме во оној зачаран круг кој што Републиика Македонија стално го доживува, со секоја промена на власта да почнуваме повторно од почеток и повторно од почеток. Што фали ако во законот стои во редовна законска процедура да се ревидира стратегијата во крајна линија, нека не биде причината политичка промена  на амбиентот во Република Македонија. Едноставно се смениле околностите, едноставно одредени региони добиле приоритет, или привелегии во соодветност со  некоја помош која што некоја меѓународна институција во помала, или во поголема мера ја нуди, а која што не е сообразена со стратешките правци дефинирани во таа стратегија. Значи, од практични причини би требало да се размисли дека ова не е нудење на некое одолговлекување, или нешто задкулисно, заобиколување на основниот концепт на законот. Мислам дека практично треба да се сообразиме конечно со реалната состојба дека на еден разумен период од три години добро е да се ревидира еден стратешки документ кој што долгорочно на 10 години се носи. Јас би сакал лично по примерот на некои европски држави да се придржуваме на оние стратешки документи кои што на долгорочен план се однесуваат на развојот на државата. Но, очигледно е од голем број примери дека сега засега, за жал не сме способни и немаме капацитети ниту политички, ниту некои други, да не се изразам со некој збор кој што подоцна  ќе жалам што сум го кажал. Но очигледно е дека отстапуваме од оние сопствени правци, стратешки правци кои што во помала, или во поголема мера и порано со консензус сме ги носеле. И се поставува прашањето, дали доволно не сме посветиле внимание на тоа, или сакаме да го прикажеме како свое тоа,  или во трета линија, значи трета варијанта која што најчесто е присутна: да, тоа е добро, ама ние имаме наш различен концепт кој што го понудивме пред гласачите и сега мора ние одново да почнеме, занемарете го тоа што порано се донесе.Јас мислам дека е разумно и дека би било добро за самиот закон доколку парламентарното мнозинство го усвои овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави господин Јани Макрадули.

**Александар Николовски:** господине претседателе гледаме дека е пријавен Јани Макрадули, а не е во салата, така што дали е грешка на системот, или е нешто друго, или некој го пријавил.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се пријави господин Јани Макрадули, но тој е отсутен.

Процедурално господинот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Мислам дека не е коректно, ако не бил тука, некој друг да го пријавил, затоа што на тој начин може да се сомневаме дека утре некој и ќе гласа во негово име, или нешто друго да се случи. Така што би замолил да имаме ред во целата ситуација.

**Љубиша Георгиевски:** Ако е така сигурно дека не е коректно.

Објавувам пауза за ручек до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,08 часот)

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот господин Марјанчо Николов, но не е присутен.

Има збор пратеник госпоѓица Славица Грковска, не е тука.

Има збор пратеник господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседател, почитуван господин министер, колеги пратеници,

Како еден од предлагачите на овој амандман, како што кажаа и преетходните дискутанти, амандманот се однесува на член 10 во кој после Судски совет тавот 2 да се додаде нов став 3, кој да гласи: Стратегијата да се ревидира на секои три години на истиот начин на кој се донесува.

Од кои причини предлагаме, сакам да кажам едно мое видување од кои причини би сакал да се усвои овој амандман и што се однесува и до претходните дискутанти, би се осврнал и на членот 10 во кој во став 4 се вели дека за спроведување на стратегијата се донесува три годишен акционен план. Со самиот тој член, самиот тој став 4, повторно акциониот план ќе се донесува на триј години и ништо не пречи Владата да го прифати овој амандман, се со цел и ревидирањето на стратегијата за рамномерен регионален развој да се ревидира на секои три години. Зошто да се ревидира на секои три години? Бидејќи стратегијата е еден пишан документ во кој ние како Република Македонија - стратегијата може да биде и добра, но можеби ќе биде лоша, тоа зависи од многу фактори. Меѓутоа, ако имаме ревидирање односно спроведување на стратегијата со тригодишен акционен план, тогаш може да се види практично дали оваа стратегија е издржана или не е издржана. Што би пречело доколку се заклучи дека со акциониот план стратегијата многу тешко ќе може да се спроведува, односно да се имплементира, зошто тогаш да не се изврши ревидирање на стратегијата на секои три години. Мислам дека со ревидирањето, без разлика на политичката структура која ќе биде во тој десетгодишен период, зборуваме од практични причини, практичноста на една стратегија може да биде само ако имплементирањето преку акционите планови и се види дали стратегијата е издржана или не е издржана. На хартија можеме да непишеме се и хартијата трпи се, меѓутоа, имплементацијата на се што ќе стои во стратегијата е една друга работа.

Од тие причини сметам и апелирам до владеачкото мнозинство дека амандманот не е поднесен со цел да се направи некоја опструкција во Законот за рамномерен регионален развој, туку е направен со цел да се има едно видување и една практична примена на стратегијата која ќе биде донесена, како што пред паузата го донесе Собранието, односно Владата го прифати амандманот според кој стратегијата треба да ја донесе Собранието на Република Македонија. Затоа, апелирам уште еднаш до владеачкото мнозинство дека овој амандман од практични причини треба да биде прифатен се со цел да имаме добра имплементација и да видиме како ќе се имплементира стратегијата која што ќе биде донесена од овој законодавен дом. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат, бидејќи ќе пристапиме кон чинот на гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум и присутните пратеници чекаат да се создаде кворум).

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника и можеме да пристапиме кон гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника, вкупно гласале 59, за гласале 13, нема воздржани, 46 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за менување на став 5 поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Ацо Киров, Борис Кондарко, Благородна Цветковска, Есад Рахиќ, Весна Бендевска, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник гоисподин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Бидејќи министерот очигледно не сака да прифати амандмани кои се однесуваат на поквалитетно изготвување на планските и сака целокупната надлежност околу донесувањето или изработката на клучните документи кои се однесуваат на рамномерниот регионален развој да останат директно во надлежност на Владата на Република Македонија, а и со оглед на тоа што нема расположение меѓу парламентарното мнозинство да отвориме квалитетна расправа за некои од овие суштински амандмани, едноставно само со надгласување без никакви аргументи, го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 6, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Јани Макрадули, Весна Бендевска, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Ккњановски:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 3, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Јани Макрадули, Весна Бендевска, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Ккњановски:** Благодарам потпретседателе.

Уште еднаш сакам да напоменам дека едно е планирање на просторот, а друго е планирање на развојот. Агенцијата веќе постоело и ако би имало регионални претставници, значи дополнителни вработувања од страна на централната власт, што мислам дека не е добро, има едно многу подобро решение што е предвидено во Законот, според нас, а тоа е да постојат центри во самите региони.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Ви блаогдарам.

Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Се помалку потиви од страна на предлагачите на амандманите, можеби е најдобро да ги повлечеме или пак министерот воопшто да каже дали има логика да дискутираме повеќе, ако сите се согласуваме дека Законот е многу важен, Законот е најважен впрочем за граѓаните но и за државата. Ако е точно дека при решавањето на прашањето од ваков тип интересот на граѓаните е огромен, а гледам на пратениците е спротивен од тоа, но како и да е, овој амандман се однесува на членот 12 став 3 и ценам дека треба да биде прифатен од повеќе причини.

Прво, заради тоа што сстручните работи треба да ги извршуваат стручни институции, а не импровизации од типот како што се дадени во законот. Кога велам стручни институции, мислам на институции со долгогодишно работно искуство, со колективно знаење, со акумулирано знаење и навистина не можам да разберам како е можно ако Владата има своја институција, Агенција за планирање на просторот, дали е потребно или финансиски неопходно потребно би рекол основање на уште други институции и основање на поголем број на сродни или слични институции, се разбира со не многу јасен став како што е дадено, без регулирани права, а јас би рекол обврски и надлежности.

Почитуван министер, Агенцијата за планирање на просторот е владина Агенција, владина институција, во која се изработуваат и планови, програми, стратегии и студии. Ценам дека таа како посебно правно лице не случајно ја одбрала Владата да работи токму во интерес на државните работи во делот на планирањата се разбира, институција во која се опфатени голем број на архитекти, градежни инженери, енергетичари, електроинженери, хидроинженери, итн., да не зборувам кои се профили и луѓе се опфатени со навистина богато професионално искуство. Тоа е една институција со огромна и богата база на податоци, која секојдневно се надградува и всушност тоа е единствената според мене институција која може да изврши една релевантна проценка, една релевантна студија, програма или стратегија. Не постои друга институција во Република Македонија која може по професионално да ја заврши таа работа. Но, како и се друго, претпоставувам дека и овде не можеме да се разбереме, така што не ми останува ништо друго освен да замолам, уште еднаш да погледнете и да видите дека нема

потреба од донесување на ваков член, особено ставот 3, кога веќе имаме институција професионална, со јасни права и обврски, кои ги докажала до сега во своето работење. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Јас не би рекол дека не можеме да се разбереме, напротив, мислам дека одлично се разбираме и сакам да го повторам она што пратеникот го кажа дека се работи за стручна Агенција, за лица кои работат во таа Агенција, кои ја знаат својата работа, меѓутоа, се плашевме дека ќе не обвинат заедниците на локална самоуправа за централистички пристап ако ние им наметневме кои луѓе да им ги прават проектите. Затоа, преку ова решение, кое го понуди Владата, сметаме дека е подобро и мислиме дека е добро самите градоначалници, самите претставници на советите да одредат кои лица ќе работат во тие центри, кои лица се тие кои ќе помагаат во изработка на целокупната проектна и планска документција. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседател, почитуван господин министер,

Јас исто така не се согласувам со искажувањето на министерот дека новиот центар кој што ќе биде формиран од страна на луѓе од единциите на локална самоуправа, но сигурно ќе има и луѓе од Владата, меѓутоа, зошто ние не го искористиме потенцијалот кој што го има во Република Македонија. Зошто не ја искористиме Агенцијата за планирање на просторот, зошто не се искористи Министерството за животна средина и просторно планирање. Просторните планови во Република Македонија се донесени и можете со една корелација меѓу Агенцијата за планирање на просторот и Министерството за животна средина и просторно планирање, односно одделот за просторно планирање, само во оваа агенција да вклучите луѓе од ЗЕЛС. Зошто овој центар, кога ќе го формирате центарот, да почнува од нула. Тие нема да почнат со некои готови документи. Тие треба да почнат од нула и да дојдат да ги користат сите здобиени релевантни информации од Агенцијата за формирање на просторот и од Министерството за животна средина од одделот за просторно планирање. За тоа е поднесен овој амандман, затоа инсистираме на една готова завршнена работа со едни мали додавки, да вклучите луѓе од ЗЕЛС или од единиците на локалната самоуправа, да имате една готова агенција која ќе може веднаш да стартува и работи. Вака додека го формираме центарот, па кој ќе раководи со центарот, па човекот дали ќе биде од единиците на локална самоуправа или ќе бие од Владата на Република Македонија, ќе се направи еден вакум период кој мислам дека може да оди и во недоглед. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Оливер Спасовски, повелее.

**Оливер Спасовски:** Блогодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Иако токму за овој амандман разговаравме и на координацијата, мислам дека аргументите кои што се нудат овде пред Собранието на Република Македонија дека сега ќе оставиме градоначалниците и локалната самоуправа да бидат важни токму во делот на формирањето на центарот за развој на планскиот регион токму заради тоа што ќе понудат свои луѓе и кадри кои ќе го сработат тоа, изразуваме сомнеж дека овие луѓе кои што работат во Агенцијата за планирање на просторот, луѓе со искуство итн., нема да ја завршат добро работата или нема да бидат ажурни во сопственото работење, мислам дека не е добар аргумент заради тоа што ако концепцијата на Законот беше претходно за сите одлуки да ги централизираме во Владата, со исклучок на некои амандмани кои се прифатија, пред се за стратегијата, тоа да го креира Собранието после неколку дневно убедување овде со претставници на Владата, мислам дека мораме крајно рационално да ги користиме постојните ресурси во Република Македонија. Ако зборуваме дека треба во Република Македонија да имаме ефикасна админстрација, заради тоа се правеа и рационализации во администрацијата, сега се формира нов центар за развој на планскиот регион, кој главно ќе ги извршува работите или работи кои до сега ги врши Агенцијата за планирање на просторот, ќе ги собира сите потребни информации и податоци од таму, како нова институција во ко ја што ќе мора да се вложат и финансиски средства за основање, за тоа ќе треба да помине одреден временски период. Мислам дека на ваков начин само сакаме да правиме институции со цел да решиме одреден број на кадровски прашања кои што и се потребни веројатно на Владата и на парламентарното мнозинство во овој период. Нема потреба од такво нешто, овој амандман требаше да биде прифатен од страна на Владата, заради тоа што е сосема разумен амандман и токму во таа функција на искористување постојните ресурси на искусни и стручни луѓе очекувам да парламентарното мнозинство го прифати овој амандман и да допринесеме кон рационализирање односно ефикасно искористување на администрацијата.

Инаку со правење на нов правен субјект кој што ќе работи во овој дел и со дополнителни трошоци кои што ќе ги направиме во врска со формирањето на центарот мислам дека нема да постигнеме ништо повеќе од она што можеме да го постигнеме и преку актуелната Агенција за планирање на просторот која што ќе направи

одделение и ќе може да работи во сите плански региони со луѓе кои што имаат искуство во работењето, а не на нови луѓе кои што наводно би ги избрал градоначалникот или локалната самоуправа во која што работат. Тоа е скап аргумент кој што не држи, аргумент со кој што не можеме да го одбраниме до крај овој амандман и заради тоа барам поддршка од колегите пратеници да го прифатиме овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути за реплика министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Имаше едно размислување навистина да има дислокација на дел од вработените од Бирото за недоволно стопански развиени или од Агенцијата за просторно планирање и сакам да го потсетам само пратеникот кој претходно дискутираше како може да ги преземе сите тие активности Агенцијата за просторно планирање со 20-тина вработени. Значи ќе ни беа потребни дополнителен број на вработени кои ќе требаше да ги финансира централната власт. Ние не сакавме да имаме такво решение, централистичко, наметнато, затоа што дефинитивно ни е потребен поголем број на вработени луѓе. И затоа мислевме дека е добро да се формираат тие центри, кои ќе ги поддржи централната власт, и кои самите градоначалници ќе кажат кои се тие стручни лица кои треба и понатаму да им помагаат во нивната работа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник, господин Спасовски Оливер.

**Оливер Спасовски:** Господине министре,

Сосема една е ситуацијата ако веќе имате формиран правен субјект во кој што ќе недостасува одреден број на луѓе, за да ги дисперзирате во планските региони и за тоа тврдам дека ќе ви треба помалку средства отколку да се прави нов правен субјект. Затоа и напоменав ако единствената цел ви е да со тоа допринесете малку во решавање на сопсствената кадровска политика на вашата партија и на вашите коалициони партнери со тоа што ќе формирате агенција односно центар за развој на планскит регион, што е ставен во овој закон, а при итоа кажуваме дека градоначалниците ќе си ги изберат луѓето со кои ќе работиме, мислам дека тоа не држи и ако се бориме за рационализација на администрацијата и за ефикасност во работењето, мислам дека е подобро да имате дополнителни пет нови вработувања во оваа постојна агенција, отколку да направите нов правен субјект со нови 30 вработувања. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Господине министер, една од основните забелешки што во текот на јавните расправи по општините кои ги организираше граѓанската асоцијација "Мост", односно мобилните парламенти, беше токму материјата врзана околу овој амандман. Значи една од основните забелешки е, преголема бирократизација на предвидените совети и центри како можни инкубатори за нови партиски вработувања. Премногу големиот степен на одлучувања не придонесува во ефикасноста за спроведување на мерките и политиката на рамномерниот регионален развој, Напротив, бирократизира. Нели деновиве сме окупирани од сите страни на секој медиумски простор во врска со вашето рекламирање на вашата регулаторна гилотиња? Вие ветивте дека со најмал број можни документи ќе може да се обавуваат разни работи во Република Македонија. Вие во овој закон имате предвидено најмалку 30-тина нивоа за спроведување на мерките и политиките на рамномерниот регионален развој.

И да потсетам, во членот 24 сте детерминирале што точно значи Центар за развој на плански регион. Тоа е Центар за вршење стручни работи од значење за развојот на планскиот регион. Центарот се основа во секој планински регион, што значи ќе имаме 8 нови правни лица во Република Македонија. Па вие ветивте скратување на државната администрација. Мала но ефикасна администрација, ставивте во вашата Програма "Преродба во 100 чекори".

И, да потсетам што е она што најмногу ми пречи околу основањето на центрите за развој на планските региони. Центрите ќе ги основаат, ќе имаат својство на правни лица, седиштето ќе биде во единицата на локалната самоуправа со најголем број на жители во планскиот регион, ќе биде раководен од раководител што ќе се избира попат на јавен конкурс, но ќе го бира Советот за развој на планскиот регион. Да потсетам, во него ќе членуваат сите градоначлници на единицата на локалната самоуправа за дадениот регион. Внимавајте, тековното работење ќе се финансира од буџетите на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на планскиот регион. Секој плански регион ќе има различен состав на единици на локална самоуправ.

Платата на раководителот, на подеднакви делови ќе им одземате од буџетите на општините? Па ние, пред многу кратко време ви предложивме зголемување на буџетите на единиците на локаланта самоуправа. Вие, како владеачко мнозинство гласавте против. Ние, од оваа страна инсистиравме да не им пренесуваме вишок надлежности, да не ги оптоваруваме локалните буџети, бидејќи навистина се во една незавидна финансиска материјална состојба, а вие со овој закон додатно ги оптоварувате. Додатно им наложувате на општинските буџети нови оптоварувања во поглед на покривање на платите на вработените во тие центри.

Токму со овој амандман мислиме дека ќе постигнеме двоен бенефит. Прво ќе ги искористиме веќе постојните ресорси што ги има државната управа во Република Македонија, а тоа

е Агенцијата за планирање на просторот и материјално и просторно и стручно екипирана. Нема потреба за создавање наново бирократски центри. Оти, центрите за развој на планскиот регион повторно ќе бидат под контрола на Советот на рамномерен регионален развој. Видовем дека е во потполна контрол ана Владата во поглед на персоналниот состав. На една страна ќе бидат 8 претставници на планските региони, визави 9 претставници на Владата на Република Македонија. Тука е можноста навистина центрите да станат инкубатор за нови партиски вработувања и додатно финансиско оптоварување на локалните буџети на општините.

Тоа не е во функција на развојот на општините како основен предуслов, се разбира за развој на определениот регион. Ова, навистина, господине министре, ќе ви требаат силни аргументи да го одбраните. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути за реплика министерот за локалана самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Не би сакал да користам силни аргументи. Ќе пробам во една-две минути да ме разбере мојата колешка, поранешна колешка Весна Бендевска.

Прво, се меќаат неколку работи. Советот за рамномерен регионален развој е сосема друго тело, носител на развојот. А, Советот за развој на планскиот регион е нешто друго. Ќе повторам уште еднаш, ќе го прифатам амандманот со кој еден член од ЗЕЛС ќе биде член на Советот за рамномерен регионален развој и да не градиме понатаму други теми, значи во составот на Советот за рамномерен регионален развој подеднакво учество ќе имаат и единиците на локална самоуправа и претставници од централната валст.

Понатаму, центрите за рамномерен регионален развој и нивниот избор и изборот на раководител ќе го врши Советот за развој на планскиот регион, каде што единствено учество ќе имаат претставниците од локалната самоуправа. Не гледам начин како претставниците од централната валст ќе можат да се мешаат околу таканречените нови вработувања.

Дозволете на општините да кажат кои се тие лица кои најмногу ќе им помогнат во изработка на планските докуметни. Тие лица на конкурс ќе ги избираат единиците на локалната самоуправа и тука централната власт воопшто нема да им се меша. Сосема е погрешна тезата и мислам дека барем после ова ќе биде малку појасно за пратеничката. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

За да се разбереме сметам дека можам да ви понудам еден пример. Плански регион во кој влегува Битола. Претпоставувам Битола ќе биде центар како најголема единица на локална самоуправа. Ако Битола биде центар, таму ќе биде седиштето на центарот за развој на планскиот регион, тогаш од буџетот на општина Битола и буџетот на општина Демир Хисар ќе се издвојуваат подеднаков број делови за плата на вработените на Центарот. Има ли тука логика? Има ли логика. Потоа, рамномерно единиците на локалната самоуправа ќе учествуваат со свои претставници, нормално со свои плати. Како е замислено, бидејки вие имате понудено овде ингеренциите на Центарот, како ќе се оснива центарот и кој ќе го раководи центарот. Кажете како својство правно лице, апсолутно не им е јасно на сите, што значи. Тоа значи не дека само ќе има раководител. Претпоставувам дека ќе треба да има и свои административни органи.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе приајвени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, молам службите да го утврдат точниот број на пратеници присутни во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на пратеници присутни во салата).

Во салата се присутни доволен број на пратеници. Присутни се 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се приступни 62 пратеници. Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 13, нема воздржани 46 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 4 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Весна Бендевска, Ацо Киров, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Есад Рахиќ, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа. Повелете.

**Зоран Коњановски:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Во интерес на поефикасна расправа, мислиме дека амандманот ќе подобреше нешто во текстот, но еве министерот не се решава. Ние ќе го повлечеме.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нов став 5 по ставот 4 поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Ацо Киров, Борис Кондарко, Благородна Цветковска, Есад Рахиќ, Весна

Бендевска, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа. Повелете.

**Зоран Коњановски:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Со амандманот се предлага Програмата за развој на планскиот регион да се ревидира на секои две години. Претходно веќе разговаравме за Стратегијата и министерот не прифати истата да се ревидира на секои три години, не даде никакво образложение.

Сметам дека со таквиот однос, без аргументи да се одбиваат амандманите не ни оди на добро донесувањето на овој закон, недобивањето н аподршка.

Само како еден пример, да го запрашам министерот, планира за 5 години да купи мерцедес. 30 илјади евра. По две години согледува дека не може да обезбеди доволно финансиски средства, дали нема да го ревидира својот став околу тоа како ќе постапи? Што е разликата ако се воведе да се ревидира Програмата за развој на планскиот регион? Не разбирам, дали вие сакате еднаш за стално да се донесат документи што се долгорочни? За 10 години, за 5 години и никогаш да не се ревидираат, додека не измине периодот. Што ако се неостварливи? Што ако не можат да се спроведат? Што ако се покаже дека се направиле погрешки во проценката кога се донесувани? Како ќе функционира целата оваа работа? А, тие се основа за изработка на акциони планови, за годишни програми и т.н., основа за се. За изработка на проекти. Мислам дека не држи ваквото однесување, а де на зборувам што нема образложение.

Затоа, го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 за додавање нова алинеја 5 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Весна Бендевска, Ацо Киров, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Есад Рахиќ, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа. Повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодрам.

Со оглед на тоа што, како носители на политиката за поттикнување на рамномерниот регионален развој се предлага да биде со законот Владата на Република Македонија, Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, Министерството за локална самоуправа и Советот за развој на планскиот регион, каде што ќе повторам уште еднаш дека половината на членовите се ЗЕЛС, се претставници на ЗЕЛС, се градоначалниците, затоа мислам дека не држи објаснувањето дека треба како носител да го поставиме посебно ЗЕЛС. Тоа е објаснвуањето.

Амандманот не се прифаќа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господинот Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам, потпретседателе.

Почитуван министер, кога се создаваше овој амандман добро обмисливме, имајки предвид кои се надлежности законски и активности ги организира ЗЕЛС во функција, меѓу другото, на воедначување на активностите или координирање на активностите на поодделни локални самоуправи, односно усогласување на меѓусебните активности.

Ако е веќе тоа така, а овој закон веќе третира една проблематика што се однесува на урамнотежување на идните развојни проекции, зошто ЗЕЛС, значи навистина бараме едно логично објаснување, што ќе фали ако ЗЕЛС биде вклучен во овие активнсоти? Од тие причини, кога го читавме Предлогот на закон, не ни беше јасно зошто не е вклучен ЗЕЛС. Затоа додаваме во членот 15 став 1, нова алинеја 5 која гласи: "Заедниците на единиците на локалната самоуправа кои ќе бидат едни од носителите на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој".

Навистина, кај нас побудува едно оправдано сомнение. Оваа Влада сака ли ЗЕЛС да опстои или не, сака ли ЗЕЛС да биде една проформа на институција што ќе има неформални активности на собир на градоначалниците, кои ќе имаат еден заеднички ручек, каде ќе се видат меѓусебно, ќе се пожалат едни на други, зависи од која страна доаѓаат, од позиција или опозиција, од позициона или опозициона страна, дали се добро третирани од страна на Владата или не се, дали добиваат помош или не добиваат или навистина ќе градиме партнерски односи во институционалните форми во Македонија, во кое што веќе се обмислило дека институционална форма како ЗЕЛС треба да постои и е пожелно да постои во Република Македонија, со сите оние активности што ги има.

Би сакал да слушнам едно реално и логично објаснување зошто да се одземе воовој процес ЗЕЛС како носител на овие активности? Навистина не гледам некое логично објаснување од страна на минситерот или при самото концепирање зоштоне се опфатени. Сакаат ли да ги маргинализираат, можеби тоа не е точно, но наша констатација, читајки ги овие предлози во членот 15 е таа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор господине Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Укажувавме постојано на лошиот концепт што Владата се реши да го воспостави како основен принцип на законот за рамномерен регионален развој. Тоа е дека или поголемите рпава се даваат на Владата или усвојува дел од надлежностите на Собранието, си ги презема Владата, а од друга страна, како што рече мојот колега Герамитчиоски се маргинализира улогата на единиците на локалната самоуправа.

Времето ќе покаже, и пред некој ден кога зборував, согласно Законот за локална самоуправа член 87, им се дава можност на советите, на градоначалниците на општините да покренат заштита на уставната положба на општините визави односот на Владата преку овој законски проект, бидејки од една страна се маргинализираат општините, а од друга страна се одзема дел од надлежностите што се дадени со Уставот на Собранието на Република Македонија.

Амандманот се однесува на членот 15 каде што, како носители на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој Владата, во својот Педлог ги дефинира: Владата, Министерството за локална самоуправа, ги дефинира Владата на Република Македонија, што значи чисто владина институција, Министерството за локална самоуправа, Советот за рамномерен регионален развој, потоа е дефиниран со мнозинство од страна на министрите, каде што се 9 министри и еден потпретседател на Влада во него, па зато ане можеме да кажеме дека ЗЕЛС ќе има своја автохтона улога во рамки на тој Совет.

Затоа, зачудува фактот што законот се обидува да воспостави еден регионален развој надвор од, односно да воведе закон што ќе не може да ги артикулира барањата на општините. Ќе се остави само на политичките влијанија на градоначалниците, кои се блиски до тој момент, бидјеки овој закон не се носи само за денеска, кои се до тој момент во Владата или од коалициони партнери на партиите штоја сочинуваат Владата да диктираат работи и политики што ќе забрзуваат, ќе иницираат поголеми префрлување на средства кон одреден региони наспроти дрги. Затоа ни се случува, како што сега имаше, според последнит еинформации што ние ги имаме, цел еден регион во Тиквешијата, бидејки градоначалниците не се по волја на Владата, Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Росоман, не добиваат или добиваат минимални средства од Владата, наспроти одредени региони што се преферираат. На тој начин општините не ќе можат своите проекти, своите идеи, своите заложби, својата политика, да најдат место или институција во која што ќе ги разменат или ќе ги предложат тие политики.

За жал, и оние други кои што учествуваа согласно член 15 во алинејата 2 во планирањето на регионалниот развој, учествуваат и Бирото и центрите за развој на планските региони. Не гледам апсолутно никаква причина зошто ЗЕЛС, во кој што, неколку пати нагласивме, членуваат по функција градоначалници и од позицијата и од опозицијата на централно ниво, каде што сите ние како граѓани живееме некаде, па не ја разбира таа логика Владата да мисли дека се наоѓа во една 85 или 86 општина што не постои во Република Македонија и таму полесно ќе ги остваруваат своите права или пак кога ќе заврши мандатот не ќе се вратат во некоја од овие нормални општини дефинирани со Законот за територијална организација, во која што не мачат, во зависност од општината, различни или слични проблеми. Или пак, во секоја од тие општини има политики специфични за тој терен.

Затоа, природно е градоначалниците и советите да имаат своја најдобра проекција за тоа каде се развиваат, во која насока треба да се развиваат и на тој начин да учествуваат со политиката во креирањето на политиката за рамномерениот регионален развој.

Како додатна аргументација зошто и ЗЕЛС треба да биде вклучен овде, во последниот број на неделникот или претпоследниот, се извинувам, “Форум” има еден извадок за општините и економскиот идентитет на општините, каде што се кажува и од страна на Државниот завод за статистика, но и од претседателот на ЗЕЛС како еден од приоритетите на општините треба да биде создавањето на бази на податоци од социјално, економско, правно, инфраструктурно гледиште. Општините се тие кои што најдобро ќе можат и да ги подготват тие работи, па во комуникација со централни институции, како што е Државниот завод за статистика, иако тие водат само на генерално ниво политика, а не и информација, немаат посебни специфики за секоја општина, ќе биде полесно да се иницираат нови политики и нови активности.

Затоа, останува дилемата цело време зошто сака да се маргинализира улогата на ЗЕЛС, иако премирот Груевски на изборната конференција што беше пред десетина дена на ЗЕЛС, на Годишната конференција односно на годишното изборно собрание и самиот го потенцира значењето и улогата на општините во рамки на спроведувањето на Законот за рамномерен регионален развој. Не само концептуално, има и уставен хендикеп овој закон, реков, имаат обврска градоначалниците и советите на општините согласно Законот за локалната самоуправа да си поведат, им се дава можност да си поведат заштита на уставноста, заштита на општината и интересите на општината, но се разбира постојат и механизми кои стојат и кај пратениците и кај другите граѓани да се дефинира дали оваа маргинализирана улога на ЗЕЛС е во функција на Законот на локалната самоуправа и механизмите за соработка меѓу општините и Владата кои што резултираат со еден документ потпишан од двете страни што, за жал, не постои овде во оваа собраниска расправа, а е од исклучително значење како аргументација на едната или на другата страна.

Затоа, мислам дека не му штети на никој ако и ЗЕЛС биде еден од тиреата овде кои учествуваат во политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој и за да не бидат надгласувани од страна на владините 11 претставници во Советот за рамномерен регионален развој, подобро ќе можат како независни институции своите ставови да ги кажуваат и да учествуваат во поттикнување на рамномерениот регионален развој, уставна категорија дефинирана во членот 57.

Затоа, мислам дека парламентарното мнозинство може сосема слободно без да се секира, гласајќи го овој амандман да придонесе во зголемување на улогата на градоначалниците, без разлика од која партија припаѓаат, бидејќи сите ние живееме во некои општини за кои што имаме интерес да се развиваат и да креираме некоја политика, гласаќи за себе, за своите роднини и комшии, ќе гласаат за овој амандман, што нема да наштети на целиот концепт на законот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** За мене е навистина нејасно, имајќи предвид дека министерот не даде никаква аргументација зошто овој амандман е неприфатлив и зошто не смета дека ЗЕЛС треба да биде наброена како еден од носителите на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој. Имајќи предвид дека Владата има обврска, согласно Законот за локалната самоуправа да го конслултира ЗЕЛС за законски решенија што ги тангираат општините. Навистина, е неразбирливо политиката на маргинализирање на ЗЕЛС од страна на Владата во текот на овој мандат.

Вие се сеќавате дека во неколку наврати досега континуирано ние се соочуваме со фактот на закони кои што се предложени до Собранието на Република Македонија, а за кои што треба да има мислење од страна на ЗЕЛС бидејќи ги тангираат нивните ингеренции, имаме реакција од страна на ЗЕЛС дека воопшто не се консултирани за тоа. За жал, така е и во овој случај и за овој закон. Овој закон кој што има исклучително голема важност за иднината на развојот на општините и на регионите, ЗЕЛС воопшто не е консултиран за новата верзија на овој закон и тоа беше еден од заклучоците на Генералното собрание на ЗЕЛС, одржано на 26 април оваа година. ЗЕЛС констатирал дека е многу лошо што ЗЕЛС воопшто не е консултиран за оваа верзија на законот за регионалниот развој и практички на тој начин Владата го криши Законот за локалната самоуправа. Заради тоа, сметаме дека ваквото неприфаќање на амандманот, неприфаќање на тоа Заедницата на единиците на локалната самоуправа да биде набројана како еден од носителите на политиката за поттикнување на регионален рамномерен развој, воопшто не е случајна. Напротив, тенденциозна за маргинализирање и намалување на улогата на ЗЕЛС од една страна или по можност комплетно исклучување на ЗЕЛС од политиката кој што се однесува за локалната самоуправа.

Се разбира дека пратениците од парламентарното мнозинство би требало да имаат повеќе сенс, имајќи предвид дека доаѓаат од секоја општина, од различни општини и имајќи предвид дека се свесни за важноста на улогата на општините. Со оглед на тоа што еден добар дел од нив, јас колку што знам, биле и советници во општинските совети и се надевам дека ќе ги прифатат аргументите што ги изнесовме ќе го изгласаат овој амандман од проста причина, како што реков, да го поправат впечатокот кој што Владата го остава со нејзиниот однос спрема Заедницата на единиците на локалната самоуправа и спрема политиката што ја води кон оваа единица. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, бидејќи ќе пристапиме кон гласањето.

Би ги замолил службите да го утврдат точниот број на присутни во салата, а колегите да седнат на своите места.

Почитувани колеги, овде ја прекинувам денешната работа.

Продолжуваме со истата седница утре во 11,00 часот. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,36 часот)